АЛЕКСАНДРА ХАЏИ-НАУМОВА



# СЛИКИ ОД РАЧНО ИЗРАБОТЕНА ХАРТИЈА

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

The anticipation, and later on the definitive determination for the ecological creative conception of the young painter Aleksandra Hadji-Naumova, started in her early student days spent in the studio of her professor Simon Shemov.

The fascination by the alchemic play during the manual creation of paper from different types of cellulose, represent extraordinary creative provocation for this artist. The very process of creating paper she understands as a fundamental creative act. It is reason and consequence at the same time, starting and final point, purpose of itself and by itself. The paper is a complex archesource for her, in which the time and the time of condensation of the cosmic energy is stratified and hidden. In that materia prima from what everything starts and in what everything finishes, Hadji-Naumova recognizes and finds her own nature and the creative identification of her inventive imagination. Through the process of the gradual metamorphosis, recreation of the precreated matter, Hadji-Naumova tries to make actual the invisible but everywhere present general principle, which we can define as a metaphor for sort of transition from Nature into Culture.

With the visible presence of decant on the trace of the nature towards the art, the author, in situ, through her puristic-ludic relation articulates not only her own nature and her attitude toward the nature, but the nature of her art also. Hadji-Naumova manifests to us pregenerative, generative and postgenerative principle at the same time, through the established triad of the mutual emotive dialogical balance. On that way, through the process of her subtile, unconscious play with Eros, she spontaneously announces and affirms the women's, the mother's generative principle indeed.

In the abstractly conceptualized, manually made acts, we feel the emotive, palimpsest contemplated, ludic weaving of the ecologic created and ecologic coloured "paints". In the phone, our reception can see and feel her subtle polyphonic dialog with the different elements from the nature. The mutual synchronization and overlapping of the stratums and their coloristic harmonization, (deprived from the additional classic painting intervention) emanate the esthetic of the ascetic. Under her "parchments", more precisely palimpsests, we try to differentiate the lower from the higher layers of the paints. The necessity of our sounding and discovering of the stratigraphy of her paints will disorientate us. Instead of the deepness of the invisible, she will seduce us, she will transfer us toward the surface, leaving us to disappear between the center and periphery of the composition. At the surface of the visible we will only register the constitutive structure of the disintegrate mimetic morphology. From the dense synthesis of the layers, we will only recognize the resonance of the concentrated play with the matter, which will simulates the "informal" methodological acting. The composition, which is always controlled and differently vivid, is knitted by the whole net of short and long linear coloristic movements, which can suggest us the dripping procedure on the moment. The lower monochromic colored surfaces peer from the stipulated transparent compositions, perforated somewhere and weaving the complex biomorphic net of the compositions. The engaged receptiveness of the twisted sorts of cellulose, their natural color, facture and texture, will unsuccessfully provoke our discovery and uncover of the traces of the lower layers.

The change of the observation angle, e.g. their interception from the aeroperspective, emanates to the observer some geographic maps, some unknown topological zones, full of joy and light. In relief space configuration reveals the tactile values of the compositions, provokes the observer to mutual interaction and call him to join the travels through the pure landscapes of her creative imagination.

Konca PIRKOSKA



ПРЕЗЕМЕНО ОД СОНЦЕТО • 67 X 80 •

**КАТАЛОГ НА ДЕЛА**: • Сон за градот • Ден • Урбана панорама • Те Создадов • Записи на кожата • Улицата (слика на предна корица • 73 x 107 •) • Жена • Талкање • Мртва природа (Меланхолија) • Просторна хармонија • Корален гребен • Арабеска (Во сино) • Мојот космос (Малиот принц) • Подарокот (мртва природа) • Низ прозорецот • Преземено од сонцето • 3 Август • Органски врски • Кора • Флуиди (светлечка слика – објект) • Композиција • Траги • Од мојот сон (слика на задна корица • 75 x 100 •) • Поврзано во себе • Илузија за конечното • Дуализам • Замрзната димензија • Сон во мугри • Пронајди го својот дел • Акорди • Танцот на природата • Игра • Пресуден чекор • Мит за изгубената невиност • Морето на Ми • Палимпсест • Крстосувања • Кон оазата • Движења



КРСТОСУВАЊА • 70 X 100 •

# РАЧНО ИЗРАБОТЕНА ХАРТИЈА



АКОРДИ • 81 X 63 •



ПРЕСУДЕН ЧЕКОР • 67 X 52 •

# РАЧНО ИЗРАБОТЕНА ХАРТИЈА

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, АПРИЛ 2006



ПАЛИМПСЕСТ • 77 X 91 •

# РАЧНО ИЗРАБОТЕНА ХАРТИЈА

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, АПРИЛ 2006



СОН ВО МУГРИ • 57 X 46 •



3 АВГУСТ • 77 X 58 •

# РАЧНО ИЗРАБОТЕНА ХАРТИЈА

НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА, АПРИЛ 2006

Антиципацијата, а подоцна и конечната определба за еколошката творечка концепција на младата сликарка Александра Хаџи-Наумова, започнува уште во нејзините рани студентски денови поминати во ателјето на нејзиниот професор Симон Шемов.

Фасцинацијата од алхемиската игра при рачното создавање на хартија од различи видови целулоза, за оваа сликарка претставува исклучителна творечка провокација. Самиот процес на создавање на хартијата, таа го подразбира како фундаментален творечки чин. Тој е истовремено и причина и последица, појдовна и крајна точка, цел самата за себе и по себе. Хартијата за неа е комплексен археизвор во кој е напластено и скриено времето и времето на кондензација на вселенската енергија. Во таа materia prima, од која сѐ започнува и во која сѐ завршува, Хаџи-Наумова ја препознава и ја пронаоѓа сопствената природа и творечката идентификација на нејзината креативна имагинација. Низ процесот на постапното метаморфозирање, пресоздавање на пра-создадената материја, Хаџи-Наумова се обидува да го актуализира невидливиот, но сеприсутен генерален принцип, кој можеме да го дефинираме како метафора за своевиден премин од Природа во Култура.

Видливото присуство на прелевањето на трагата од природата кон уметноста, авторката, in situ, преку нејзиниот пуристичко-лудистички однос нѝ ја артикулира не само сопствената природа и нејзиниот однос кон природата, туку и природата на најзината уметност. Низ воспоставената тријада на заемниот емотивен дијалошки баланс, Хаџи-Наумова истовремено нѝ го манифестира предгенеративниот, генеративниот и постгенеративен принцип, така што, низ процесот на нејзината суптилна, несвесна игра со Еросот, таа всушност спонтано нѝ го објавува и нѝ го афирмира, женскиот, мајчински генеративен принцип.

Во апстрактно конципираните, мануелно изработени дела, го чувствуваме емотивното, палимпсестно обмислено, лудистичко ткаење на еколошки создадените и еколошки обоените „слики". Нашата рецепција, во фонот, може да го види и да го почувствува нејзиниот суптилен полифоничен дијалог со различните елементи од природата. Заемното синхронизирање и преклопување на слоевите и нивното колористичко хармонизирање, (лишено од доплонителното класично сликарско интервенирање) ја еманираат естетиката на аскетиката. Под нејзините „пергаменти", поточно палимпсести, се обидуваме да ги издиференцираме долните од горните слоеви на сликите. Потребата од нашето сондирање и откривање на стратиграфијата на нејзините слики ќе нѐ дезориентира. Таа ќе нѐ заведе, и наместо кон длабочините на невидливото, ќе нѐ пренасочи кон површината, оставајќи нѐ да талкаме меѓу центарот и периферијата на композициите. На површината на видливото ќе ја регистрираме само конститутивната структура на разградената миметичка морфологија. Од густото синтетизирање на слоевите, ќе можеме да ја препознаеме само резонанцата на концентрираната игра со материјата, која ќе ја симулира своевидната „енформелистичка" методолошка постапка. Секогаш контролираната и поинаку разиграната композиција, испреплетена е од цела мрежа куси и долги линеарни колористички потези кои понекогаш може да нѝ ја сугерираат дрипинг постапката. Од одредените транспарентни композиции се назираат долните монохромно обоени површини, наместа перфорирани, кои ја ткаат комплексната биоморфна мрежа на композициите. Ангажираното реципирање на здиплените видови целулоза, нивната природна боја, фактура и текстура, безуспешно ќе го испровоцира нашето откривање и разгатнување на трагите од долните слоеви.

Менувањето на ракурсот на набљудување, т.е. нивното восприемање од аероперспектива, на набљудувачот му ги еманира некои географски мапи, некои непознати, полни со радост и светлина, тополошки зони. Релјефната просторна конфигурација ги манифестира тактилните вредности на композициите, го провоцира набљудувачот на заемна интеракција и го повикува да ѝ се придружи на патувањата по чистите предели на нејзината творечка имагинација.

Конча ПИРКОСКА

# АЛЕКСАНДРА ХАЏИ-НАУМОВА



**Александра ХАЏИ – НАУМОВА**
е родена 1980 год. во Скопје. Дипломирала 2004 год. на ФЛУ, отсек сликарство со насока рачно изработена хартија во класата на професор Симон Шемов. Од 2004 год. е член на ДЛУМ.

**Студиски престој:**
2001 - Венеција, Италија

**Самостојни изложби:**
2003 – Охрид, Народен музеј Охрид, Галерија „Уранија“
2003 – Кавадарци, Галерија – Музеј
2004 – Скопје, Француски културен центар

**Групни изложби:**
2001 – Венеција, Изложба на графики; Скопје, КИЦ, „Отпечатоци од природата“
2002 – Скопје, МКЦ, Инсталација „Демистификација на галериски простор“
2002 - Скопје, МГС, СИАБ 2002
2003 – Скопје, МСУ, 6-то биенале на млади
2004 – Скопје, МГС, Ревијална изложба на ДЛУМ
2005 – Скопје, Нови членови на ДЛУМ 2004
2005 - Скопје, МКЦ, „5 на 3“

**Колонии:**
Кавадарци 2000; Кичево 2002; Охрид 2002

**Alexandra HADZI – NAUMOVA**
is born in Skopje, on March 4th,1980. Graduated in 2004 on the Faculty Of Fine Arts, in the class of Prof. Simon Semov, department of Painting. She is specialized in hand – made paper. Since 2004 she is member of DLUM

**Study visit:**
2001 - Venice, Italy

**Solo exhibitions:**
2003 – Ohrid, Museum of city of Ohrid, Gallery “Uranija”
2003 – Kavadarci, Museum – Gallery
2004 – Skopje, Cultural Center of France

**Group exhibitions:**
2001 – Venice, Graphics; Cultural Information Center – Skopje, “Prints from the Nature”
2002 – Youth Cultural Center – Skopje, “Demystification of Gallery Spaces” – Installation
2002 – Museum of city of Skopje, SIAB 2002
2003 – Museum of Contemporary Art – Skopje, “6 th Biennale of Young Artists”
2004 – Museum of city of Skopje, Annual exhibition of DLUM (Macedonian Artist Association)
2005 – Skopje, New Members of DLUM 2004
2005 – Youth Cultural Center – Skopje, 5 to 3

**Art colonies:**
Kavadarci 2000; Kicevo 2002; Ohrid 2002

**Адреса:** Аврам Писевски 59 а 1000 Скопје **Телефон:** +38970 350-557 **e-mail:** saniahn@gmail.com



Издавач: Националлна галерија на Македонија
Крушевска 1а, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел: ++ 389 02 31 33 102
Факс: ++ 389 02 31 24 219
www.mng.com.mk e-mail: artgall@mol.com.mk
Април 2006

За издавачот: Златко ТЕОДОСИЕВСКИ, директор
Текст: Конча ПИРКОСКА
Организатор на иложбата: Маја НЕДЕЛКОСКА
Превод на англиски: Емилиија ГЕЛЕВА
Ликовно оликување: Горан АТАНАСОВСКИ
Печат: Скенпоинт; Тираж: 500
Изложбата е финансирана од
Министерство за култура на Република Македонија

Авторски права: © Национална галерија на Македонија

ISBN 9989-694-70-2

Published by: National Gallery of Macedonia
Krusevska 1a, 1000 Skopje, R. of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 33 102
Fax: ++ 389 (0)2 31 24 219
www.mng.com.mk e-mail: artgall@mol.com.mk
April 2006

Editor in chief: Zlatko TEODOSIEVSKI, director
Preface: Koncha PIRKOSKA
Curator: Maja NEDELKOSKA
Translated into English: Emilija GELEVA
Design and layout: Goran ATANASOVSKI
Printed by: Skenpoint; 500 copies
The exhibition is financed by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Copyright © National Gallery of Macedonia,